Наративен извештај за август 2018 година

- Кабинет на Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, Зоран Китанов

Директорот на ЈП за државни патишта во рамките на своите работни обврски го организира и раководи процесот на работењето, како и работата на претпријатието.

Во текот на месец август 2018 година, Директорот на ЈП за државни патишта, имаше интензивна агенда на активности, а се со цел остварување на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државни патишта за 2018 година. Во остварување на агендата на директорот на ЈП за државни патишта, активностите за овој месец започна со продолжување на интензивни преговори и ефективни состаноци, за потпишување на Анекс бр.2 кон Договор за Изградба на автопатот Кичево – Охрид, заради искористување на преостанатите парични средства од основниот Договор, со што средствата би се пренамениле и искористиле за изведување на работи по неопходен редослед на процесот на изведување на работите и оформување на функционални делови по должина на трасата. Преговорите се реализираа во следниот состав: заменик претседателот на Влада на РМ, задолжен за економски прашања, Кочо Анѓушев, Директорот на ЈП за државни патишта, Зоран Китанов, изведувачот Синохидро, надзорот ГИМ, како и професори од Градежниот фалултет во следниот состав: декан Дарко Мославац, продекан Јосиф Јосифовски и проф. Горан Марковски кои се ревиденти на проектот.

Се одржа почетен состанок за проектот, имплементација на ИТ стратегија, која се однесува на проектна организација, запознавање со проектните активности, цели и временска рамка на реализацијата на проектот, како и дефинирање на проектниот тим од страна на ЈП за државни патишта и изведувачот АСПЕКТ и ИНФОЛИНК.

Од страна на Влада на Република Македонија, добиена е согласност за Годишната сметка и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2017 година, каде што ЈП за државни патишта го изготви Извештајот за работењето за 2017 и подготви Информација до Влада на РМ за истиот.

Отворен е тендерот за експресниот патен правец Крупиште – Кочани. Во тек е евалуацијата на понудите и подготвување на Извештај за понудувачи.

Исто така отворен е тендерот за изградба на 12 патишта преку Светска банка. Дванаесете патишта ќе одат со еден тендер кој е поделен на 4 лота.

Интензивно се работи на обезбедување услови (дислокација на телекомуникациска инфраструктура и електроенергетски објекти) за непречена изградба на новите наплатни станици Градско, Гевгелија и Демир Капија, како и обезбедување соодветен приклучок за електрична енергија. Изградбата на наплатните станици Градско и Гевгелија се одвива непречено. Истовремено се работи на изготвување на Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на возила на податоци, критериумите за компјутерски пристап до регистарот на податоци, како и начинот на внесување и издавање на податоци од регистарот, од страна на Министерството за внатерешни работи, Владата на Република Македонија, како и Јавното претпријатие за државни патишта.

ЈП за државни патишта воспоставува нов електронски систем за наплата на патарина, кој ќе се воведува на наплатните станици во Република Македонија. Електронскиот систем за наплата на патарина, најпрво ќе се имплементира на коридор 10, а дополнително и на коридор 8. Со воведување на новиот начин на наплата на патарина на наплатните станици, се јави потреба од Измена и дополна на Одлуката за висината и начинот за наплата на патарина и истата е усвоена од страна на Управниот одбор на претпријатието, со што ќе биде точно определен износот на цените на безконтактните смарт картички и уредите за електронска наплата на патарина (таг) и начинот на нивното надополнување, како и предвидување на билет за ненаплатена патарина со налог за плаќање, како дополнителен начин преку кој би се наплаќала ненаплатената патарина.

За непречена изградба на следните патишта: автопатот Кичево – Охрид, експресните патишта Штип – Крупиште 1 фаза, Штип – Радовиш, Градско – Дреново 1 и 2 фаза и Ранковце – Крива Паланка, се работи на обезбедување услови (дислокација на телекомуникациска инфраструктура и електроенергетски објекти ).

Јавното претпријатие за државни патишта поднесе апликација за проект: Подобрување на крајпатни инфраструктурни услужни и сервисни елементи долж Коридор 8 и Коридор 10 кон прв повик за изразување на интерес за грантовите за инвестирање во инфраструктура поврзана со туризам и поврзување со дестинациите во рамките на Проект за Локална и

Регионална Конкурентност (ПЛРК) во туризмот финансирани од Европска Комисија, а управувани од Светска Банка и истата беше позитивно оценета од Единицата за спроведување на проектот (ЕСП). Од ЕСП на ПЛРК, ЈПДП беше известен за позитивниот исход од првиот повик и беше информиран и поканет да подготви детален потпроект за Втор повик за изразување на интерес "Инвестиции на подгрантови во инфраструктура поврзана со туризам и поврзувања во дестинации". Целта на Проектот е опремување на паркиралиштата и стојалиштата долж Коридор 8 и Коридор 10 со урбана монтажна опрема во функција на подобрување на услугата на корисниците на државните патишта.

Со буџетски средства преку Јавното претпријатие за државни патишта со Рамковна спогодба од 800 милиони денари, во текот на месец август, доставени се понуди за избор на изведувачи за рехабилитација на следните делници:

Рехабилитација на државен пат Р1102, делница Негорци – Гевгелија

Рехабилитација на државен пат Р1310, Берово – ГП Клепало

Рехабилитација на државен пат Р1301, делница транзит низ Охрид – десен и лев коловоз

Рехабилитација на државен пат делница, спој со Р1205 – Злетово – Пробиштип.

Евалуацијата на понудите ќе заврши на почетокот на месец септември. Се очекува на почетокот на месец октомври да започнат градежните активности на гореспоменатите делници.

Завршена е рехабилитацијата на патниот правец А2 Сарај – Групчин, во тек е интерен технички прием за патот.

Јавното претпријатие за државни патишта ја заврши и рехабилитацијата на патниот правец Р1311 Битола – Новаци и за оваа рехабилитција во тек е интерен технички прием.